Програма „Форуми во заедницата"
Community Forums Programme
Programi "Forume në bashkësi"

ПРОГРАМА „ФОРУМИ ВО ЗАЕДНИЦАТА"

ГРАЃАНИТЕ ОДЛУЧУВААТ

БУЏЕТСКИ ФОРУМ

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

ОКТОМВРИ 2015
Билтен бр.
3

ЗЕЛС

ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

КРИВА ПАЛАНКА ГИ РЕАЛИЗИРА ФОРУМСКИТЕ ОДЛУКИ ЗА БУЏЕТОТ ЗА 2015 ГОДИНА

Буџетот на општина Крива Паланка за 2015 година е изготвен со партиципативно учество на граѓаните, што како модел на локално управување, распределба и реализација на буџетските средства за првапат се применува во оваа локална заедница. Граѓанскиот буџет е изготвен преку спроведување на буџетски форум, во рамките на програмата „Форуми во заедницата", поддржана од Швајцарската агенција за развој и соработка и координирана од Единицата за координација со форумите (ЕКФ).

Заинтересираноста на граѓаните за учество во планирањето на буџетот може да се види и од присуството на форумските сесии. На петте форумски сесии присуствуваа вкупно 424 граѓани или просечно по речиси 85 граѓани на сесија.

Целта на буџетскиот форум е граѓаните да влијаат на креирањето на буџетот, во согласност со пошироките потреби на заедницата, преку што се остварува транспарентно, демократско и отчетно раководење и трошење на финансиските средства во општината. Преку запознавањето на структурата и процесот на буџетирање, граѓаните, истовремено, ги јакнат своите капацитети за учество во развојните стратешки планови на општината, но и осознаваат дека сите нивни потреби и приоритети не можат да се реализираат во една буџетска година.

Буџетскиот форум опфаќа шест форумски сесии на кои граѓаните дискутираат, даваат свои предлози и одлучуваат за приоритетните буџетски програми и предлози и на крајот бараат отчет од градоначалникот и општината за извршувањето на буџетот во согласност со донесените форумски одлуки.

Во рамките на овој форумски процес, општина Крива Паланка одржа пет форумски сесии и еден мини форум за претселекција на приоритетни програми и проекти, во периодот ноември-декември 2014 година,а последователната (шеста) сесија ќе биде одржана во месец октомври 2015 година на која ќе бидат презентирани резултатите од реализацијата на буџетот за 2015 година.

На петте форумски сесии беа презенирани процесот на буџетирање, структурата на буџетот, стратешкиот план за развој, развојните приоритети, како и планираните и реализирани приходи и расходи за 2014 и проекциите за буџетот за 2015 година.

Предлозите од граѓаните детално беа анализирани и дискутирани на работилниците што ги одржуваше Работната група. На четири работилници присуствуваа вкупно 66 граѓани, а на мини форумот за претселекција – 29 граѓани.

На петтата форумска сесија беше формирана и Работна група за застапување и следење на реализацијата на форумските предлози, препораки и проекти, која присуствуваше на одредени седници на Советот на општина Крива Паланка на кои беа разгледувани точки што се дел од форумските одлуки. Работната група континуирано беше информирана за текот на имплементацијата на форумските приоритети и од општинскиот координатор на проектот и од раководителите на општинските одделенија.

Граѓаните, кои учествуваа во форумскиот процес, одлучија да дискутираат и одлучуваат за шест буџетски програми и тоа за: Уредување на градежно земјиште, Урбанистичко планирање, Изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа, Социјална заштита, Развој на културата и Локален економски развој.

Од страна на учесниците на фо-

ЗЕЛС
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

румот беа дадени вкупно 129 предлози за разгледуваните буџетски програми од кои 95 се прифатени и вклучени во буџетските програми, а само 20 не се дел од буџетот за 2015 година, главно, поради ненадлежност на општината, неможност да се реализираат за период од една буџетска година или поради несигурен прилив на средства.

„Никој подобро не ги знае потребите и проблемите на граѓаните од нив самите, па затоа нивното приоретизирање, секако, треба да биде земено в предвид при усвојувањето и извршувањето на буџетот на општината. Сите честитки до општината што се одлучила да ги вклучи граѓаните во креирањето на буџетските програми“, Наталија Милковска, ЛУ Градски музеј (петта форумска сесија)

Буџетскиот форумски процес опфати и мини форум на кој граѓаните извршија претселекција на проектите од 10 буџетски програми, при што беа избрани 30 проекти што беа предмет на приоретизирање на петтата форумска сесија. Општ е заклучокот дека голем дел од граѓанските предлози се совпаѓаат со приоритетите на општината и најголем дел од нив се прифатени со буџетот за 2015 година. При својот избор, граѓаните се определија за реални проекти со сигурни извори на финансирање или за релативно остварливи проекти.

Со своето учество во форумскиот процес, 64 граѓани се стекнаа со правото на глас и одлучуваа за приоритетните програми и проекти.Тие приоретизираа 10 буџетски програми и 30 проекти. Најмногу бодови доби Програмата за урбанистичко планирање и тоа вкупно 62, втора рангирана беше Програмата за уредување на градежно земјиште со 61 поен, потоа следуваа програмите за Локален економски развој (56), Изградба на локалната патна мрежа (53), Социјална заштита (47), Образование (44), Култура (40), Енергетска ефикасност (38),Јавна чистота (23) и за Јавно осветлување (16 поени).

Проектот за изградба на канализациска мрежа на потегот од Центарот за култура до населба „Маневци“ беше избран за најприоритетен со вкупно 197 бодови, а во петте прворангирани се најдоа и проектите за изработка на техничка документација за регулација на долови и буици (192 бода),кофинансирање на проекти (180),отворање на Младински културен центар со поддршка на општината за обезбедување на просторија и нејзино бесплатно користење од страна на младите (170), сервисни служби за домашна нега и помош (167), потоа проектите за поттикнување на развојот на туризмот, доизградба на локален пат Крива Паланка - с. Градец до испосница на „Свети Јоаким Осоговски“, изградба на трим патека мотел „Македонија“-Света Вода-манастир „Св. Јоаким Осоговски“, поддршка на граѓански здруженија итн.

„Форумот е извонреден начин граѓаните да се запознаат со општинскиот буџет и да даваат свои предлози за приоритетните буџетски програми и проекти. Се разбира, сите нивни предлози нема да може да бидат прифатени, со оглед на ограничените средства, но добар дел од тие приоритети, поточно оние кои се издржани и реални, ќе влезат во општинскиот буџет за 2015 година“. Арсенчо Алексовски, градоначалник на општина Крива Паланка (прва форумска сесија)

Граѓаните на градоначалникот Арсенчо Алексовски му предадоа и листа со вкупно 56 препораки за проекти од најразлични области, со надеж дека општината ќе ги има предвид при реализацијата на развојните цели.

ПРЕДЛОГ ПРОЕКТИ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ГРАЃАНИТЕ НА 5-ТА ФОРУМСКА СЕСИЈА, КОИ СЕ ВКЛУЧЕНИ ВО ПРИОРИТЕТИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2015 Г.

БР.	ПРИОРЕТИЗИРАНИ ПРЕДЛОЗИ НА 5 ФС	БУЏЕТ (МКД) (ПРЕДВИДЕНИ/ РЕАЛИЗИРАНИ)	БУЏЕТСКА ПРОГРАМА	СТАТУС	СОСТОЈБА 30.09.2015 (ОПИС)
1	Изградба на канализациска мрежа (од Дом на куклтура до населба Маневци)	5.500.000	Програма за уредување на градежно земјиште	Во фаза на реализација	Веќе има изработен проект, направена е ревизија и има елаборат за експропријација.Во тек е тендерска постапка, по што ќе се отпочне со конкретна реализација на проектот.
2	Техничка документација за регулација на долови и буици	600.000	Програма за уредување на градежно земјиште	Реализирано и во фаза на реалиација	Изработен е основен проект на потегот Белевски Дол-Тивка ноќ-влив на Крива Река, во должина од 500 метри. Изработен е основен проект за Боголожин Дол (с.Конопница) во должина од 800 метри. При крај е изработка на тех.документација за дел од долот во н. Гоце Делчев (кај Житни склад) и на дел од Куков Дол. Почната е изработка на тех. документација за дел од Куков Дол.
3	Кофинансирање на проекти: сопствено учество на општина Крива Паланка при аплицирање и реализација на проекти од ЕУ фондови, државни фондови, институции и други донатори	6.000.000	Проектите се реализираат по повеќе буџетски програми	Во фаза на реализација	Општината има сопствено учество при реализација на проекти од повеќе буџетски програми, а најмногу поврзани со изградбата на локалната патна и канализациска инфраструктура, како и за изработката на техничката документација за овие објекти. Општината ќе намени 10. 000.000 денари,додека заедно со останатите проекти, што се во фаза на реализација или пред реализација, сопственото учество ќе биде многу поголемо.
4	Отворање на Младински културен центар, со поддршка на општината за обезбедување на просторија и нејзино бесплатно користење од страна на младите.	Х (не бара финансиски средства)	Програма за развој на културата	Не е реализиран	При Советот на општина Крива Паланка формиран е Совет на млади, а формирана е и невладина организација„Цик-Цак", но од нивна страна не е побарано користење на просторија во сопственост на општината. Се очекува овој проект да се реализира во 2016 година.
5	Сервисни служби за домашна нега и помош	240.000 (140.000)	Програма за социјална заштита	Во фаза на реализација	Овие средства се предвидени за кофинансирање на проектот „Грижа за стари и осамени лица во домашни услови", што го спроведува ООЦК Крива Паланка.
6	Поттикнување на развој на туризмот во општина Крива Паланка -Учество на домашни и меѓународни саеми. -Изготвување на промотивен материјал на македонски и др. јазици	450.000	Програма за локален економски развој	Реализиран	Во рамките на овој проект обезбедени се информативни табли на магистралниот пат Куманово-Крива Паланка-Деве Баир. Преку СИПР обезбедени се нови 12 информативни табли, а континуирано се обезбедува и промотивен материјал за туризмот. Веќе се нарачани и настрешници за повеќе туристички локалитети, во вредност од 11.800 евра, средства обезбедени од Бирото за регионален развој преку СИПР. Овој проект ќе се реализира до крајот на годината.

БР.	ПРИОРЕТИЗИРАНИ ПРЕДЛОЗИ НА 5 ФС	БУЏЕТ (МКД) (ПРЕДВИДЕНИ/ РЕАЛИЗИРАНИ)	БУЏЕТСКА ПРОГРАМА	СТАТУС	СОСТОЈБА 30.09.2015 (ОПИС)
7	Доизградба на локален пат Крива Паланка- с. Градец до испосница на „Свети Јоаким Осоговски“	1.000.000	Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локална патна мрежа	Реализиран	Проектот е реализиран со изградба на 300 метри пат, а за довршување остануваат само 50 метри.
8	Изградба на трим патека мотел „Македонија“-Света вода-манастир	1.000.000	Програма за уредување на градежно земјиште	Реализиран делумно	Овој проект е реализиран делумно, затоа што се совпаѓа со делницата за новиот пат мотел „Македонија“-манастир. Трим патеката е уредена од мотел „Македонија“ до Света вода, во должина од 400 метри, а на овој потег делумно е уредено и речното корито.
9	Поддршка на граѓански здруженија	350.000 (273. 000)	Програма за локален економски развој	Реализиран	Во првите девет месеци од 2015 година дадена е поддршка на повеќе невладини организации. До крајот на годината продолжува поддршката.
10	15-23 септември VII Меѓународен театарски фестивал Св.Јаоким Осоговски	300.000 (600.000)	Програма за развој на културата	Реализиран	Проектот целосно е реализиран, а фестивалот траеше 10 дена, со настапи на театри од Хрватска, Србија, Бугарија, Црна Гора и Македонија, како и со придружни манифестации-промоции на драмски дела.
11	23 август – Четврто издание на рок фестивал „ЏОИ ФЕСТ“	250.000 (1.000.000)	Програма за развој на културата	Реализиран	Проектот е реализиран во целост со настап на неколку музички групи и балканската ѕвезда Ален Исламовиќ.
12	Чистење и одржување на регулирани и нерегулирани реки, порои и водотеци недефинирани со урбанистичките планови	200.000	Програма за уредување на градежно земјиште	Се реализира во континуитет	Предвидените локалитети се одржуваат континурано и во зависност од потребите и тековната состојба.
13	Изработка и донесување на ЛУПД за изградба на објекти за спорт и рекреација на локалитет „Калин Камен“.	68.000	Програма за урбанистичко планирање	Реализиран	ЛУПД за овој локалитет е изработена и донесена.
14	Поплочување на дел од ул. Борис Трајковски	300.000 (Х)	Програма за уредување на градежно земјиште	Не е реализиран	Овој проект останува да се реализира во 2016 година.
15	Крпење на ударни дупки на оштетени улици	7.000.000	Програма за уредување на градежно земјиште	Реализиран	Општината презема сеопфатна акција за санација на постоечката инфратсруктура во градот и приградските населби. Програмата за 2014/2015 веќе е исцрпена, а обезбедени се нови 10 милиони денари за периодот 2015/2016 година.
16	25, 26, 27 август XI Интернационален фолклорен фестивал Св.Јаоким Осоговски 2015	300.000 (500.000)	Програма за развој на културата	Реализиран	Манифестацијата е целосно реализирана со вкупен број на околу 400 учесници од повеќе земји.
17	Изградба на крак од улица Јане Јакимовски (амбар)	300.000 (600.000)	Програма за уредување на градежно земјиште	Во фаза на реализација	На овој локалитет во тек се градежните активности. Наместо предвидените 300.000 денари, за овој локалитет ќе бидат издвоени 600.000 денари.

БР.	ПРИОРЕТИЗИРАНИ ПРЕДЛОЗИ НА 5 ФС	БУЏЕТ (МКД) (ПРЕДВИДЕНИ/ РЕАЛИЗИРАНИ)	БУЏЕТСКА ПРОГРАМА	СТАТУС	СОСТОЈБА 30.09.2015 (ОПИС)
18	Зимско одржување на приоритетни, отворени јавни површини	2.370.000	Програма за јавна чистота	Реализиран	Во текот на зимската сезона 2014/2015 година, континуирано се врши одржување на наведените површини , за што се одвоени 2.370.000 денари. Во тек е тендерска постапка за сезоната 2015/2016 година, во вредност од 3 милиони денари.
19	Чистење на шахти и сливници од атмосферска канализација (од земја и наноси)	400.000	Програма за уредување на градежно земјиште	Реализиран	Оваа проектна активност се одвива во континуитет и во зависност од потребите.
20	Обележување на улиците, такси станиците и автобуските постојки со хоризонтална сообраќајна сигнализација	68.136	Програма за уредување на градежно земјиште	Реализиран	Извршено е обележување со хоризонтална сигнализација во централното градско подрачје.
21	Изградба на пристапни рампи за лица со посебни потреби (отстранување на бариерите)	20.000	Програма за социјална заштита	Делумно реализиран	Општината има изградено пристапна рампа до зградата на локалната самоуправа и повеќе други државни институции. Со проект на општината преку СИПР, пак, изграден е лифт за лицата со посебни потреби во централната зграда на ООУ „Јоаким Крчовски" за што се обезбедени 40.000 евра.
22	Опремување на улиците со вертикална и хоризонтална сигнализација	Финансирањето на овој проект е дел од вкупниот фонд од 400.000 денари, заедно со проектите бр. 19 и 20.	Програма за уредување на градежно земјиште	Реализиран	Потребната опрема веќе е поставена.
23	Изработка на социјална карта	30.000	Програма за социјална заштита	Во фаза на реализација	Формиран е тим, подготвен е Акционен план, изготвен е прашалник, определени се анкетните кругови и избрани се анкетарите. Претстои обука за анкетарите, по што ќе биде извршена анализа и подготвена социјалната карта.
24	Посета на семејства и установи	20.000	Програма за социјална заштита	Во фаза на реализација	За овој проект формиран е тим при општината, кој наскоро ќе отпочне со конкретна работа.
25	Изработка на техничка документација за проект за канализација со пречистителна станица за село „Жидилово"	800.000 (X)	Програма за уредување на градежно земјиште	Не е реализиран	Проектот не е реализиран поради необезбеден финансиски извори на средства, со оглед на пообемната инвестиција потребна за изготвување на предвидената документација.
26	Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти од времено сместување А4, бензинска пумпа и зеленило, спорт и рекреација во К.О. Крклја на место викано „Дервен";	52.000	Програма за урбанистичко планирање	Во фаза на реализација	Урбанистичкиот план е во фаза на изработка
27	Организирање на Ревија на носии од кривопаланечко (од зрело доба до најмладото население)	40.000	Програма за развој на културата	Во фаза на реализација	Овој проект ќе се реализира во месец ноември, во рамките на манифестацијата„ Паланечка компиријада".
28	Реконструкција на јавно осветлување	1.000.000	Програма за енергетска ефикасност	Реализиран	Континуирано се врши замена на јавното осветлување, а на местото на старите светилки се поставуваат нови штедливи светилки.

БР.	ПРИОРЕТИЗИРАНИ ПРЕДЛОЗИ НА 5 ФС	БУЏЕТ (МКД) (ПРЕДВИДЕНИ/ РЕАЛИЗИРАНИ)	БУЏЕТСКА ПРОГРАМА	СТАТУС	СОСТОЈБА 30.09.2015 (ОПИС)
29	20-ти мај Ден на пожарникарите	10.000	Програма за развој на културата	Реализиран	Денот е пригодно одбележан со показна вежба за спасување од пожар во ООУ „Јоаким Крчовски“ и други активности.
30	7 Јануари-Божиќ (5 Јануари Бадниково гранче)	30.000	Програма за уредување на градежно земјиште	Се реализира во континуитет	Проектот е реализиран од страна на општината со пригодни содржини на Градскиот плоштад и со масовно учество на граѓаните.

РЕАЛИЗАЦИЈА НА БУЏЕТОТ ДО 30 СЕПТЕМВРИ 2015

Според економската класификација, приходите на буџетот на општина Крива Паланка, реализирани до 30 септември 2015 година, изнесуваат 206.515.439 денари од кои најголем дел се трансфери и донации (178.106.170 ден.), а останатите даночни (22.092.974 ден.), неданочни (3.922.045 ден.) и 2.394.250 денари капитални приходи.



Од планираните расходи, во висина од 406.175.960 денари, до 30 септември 2015 година реализирани се 187.692.652 денари. Вкупно 174.661.449 денари отпаѓаат на основниот буџет, 100.946.216 денари на блок дотациите, 1.617.312 се расходи од самофинансирачки активности, а 4.402.905 денари се по основ на донации.

45 ПРЕПОРАКИ СТАНАА ДЕЛ ОД БУЏЕТОТ

На петтата форумска сесија, учесниците на форумот доставија до градоначалникот и општината вкупно 83 препораки со цел тие да станат дел од развојните програми на локалната самоуправа.

Општината, следејќи го интересот на граѓаните, во изминатиот период правеше напори за спроведување на голем број од дадените препораки. Вкупно 30 од нив се во фаза на реализација, 16 се целосно реализирани, еден делумно и 36 препораки се уште не се реализирани, главно заради немање финансиски можности.

ИНТЕРВЈУ СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА КРИВА ПАЛАНКА, АРСЕНЧО АЛЕКСОВСКИ

РЕАЛЕН БУЏЕТ ВО СОГЛАСНОСТ СО ПОТРЕБИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ

Граѓанското учество во изготвувањето на буџетот значи дека граѓаните се интересираат за развојот на општината, ги согледуваат и истакнуваат приоритетните проблеми и потреби, а локалната самоуправа ги сублимира и во зависност од оправданоста и расположивите средства се труди да ги реализира, истакнува градоначалникот Алексовски.

Буџетот на општина Крива Паланка за 2015 година е изготвен со директно учество на граѓаните, кои го креираа со давање предлози за најприоритетните потреби на заедницата. Ваквиот модел на планирање на општинскиот буџет за првпат се применува во оваа општина преку спроведување на буџетски форум. Градоначалникот на Крива Паланка, г. Арсенчо Алексовски, говори за придобивките од спроведувањето на буџетскиот форумски процес.

Буџетскиот форум за првпат во општина Крива Паланка беше применет за изготвување на општинскиот буџет за 2015 година. Кои беа Вашите очекувања од спроведувањето на буџетскиот форумски процес?

Целта да организираме буџетски форум и на тој начин да го креираме буџетот за 2015 година, беше запознавање на граѓаните со структурата и процесот на буџетирање, со планираните приходи и расходи и нивната намена. Истовремено, како општина, сакавме да ги слушнеме приоритетите и потребите на граѓаните и, во согласност со нашите можности, да ги вклопиме во буџетските програми. Секоја година, при изготвувањето на буџетот, имаме отворени денови на кои граѓаните можат да даваат свои предлози и сугестии, но буџетскиот форум се покажа како многу поуспешен, затоа што беа таргетирани помасовни и разнообразни групи, кои организирано можеа да предлагаат проекти и да го акцентираат она што тие сметаат дека треба да влезе во буџетот.

Дали при извршувањето на буџетот за 2015 година се водевте од граѓанските приоритети и форумските одлуки?

Секако дека водевме сметка за граѓанските предлози. Дел од нив ги ставивме како приоритети во буџетот. Меѓу нив се значајни проекти како што е изградбата на канализациската мрежа во населбата „Маневци“ и селото Мождивњак, кои се влезени во соодветната буџетската програма, за нив се изнајдени средства и ќе се отпочне со нивна реализација. Исто така,повеќе проекти, дадени како предлози од граѓаните, веќе се реализирани, дел се во тек, а за одредени проекти аплицираме до расположивите фондови и програми. Нормално, дека сите потреби на граѓаните нема да можат да се реализираат во една буџетска година, но се надевам дека ќе бидат задоволни од сработеното.

Која е најголемата придобивка од граѓанското учество при планирањето и изготвувањето на општинскиот буџет?

Најголемата придобивка е тоа што добиваме реален буџет во согласност со потребите на граѓаните. Тоа значи дека граѓаните прејавуваат интерес за развојот на општината. Тие ги согледуваат и истакнуваат проблемите и потребите, кои, всушност, и најдобро ги познаваат, а ние ги сублимираме и во согласност со оправданоста и расположивите финансиски средства ги ставаме во општинскиот буџет како приоритети.

Дали и во иднина ќе го применувате буџетскиот форум при изготвувањето на општинскиот буџет, не само со донаторска поддршка, туку и самостојно?

Ќе се обидеме форумот да го користиме при изготвувањето на секој нареден буџет, а тоа го планираме и за буџетот за 2016 година. Можеби форумскиот процес, кој би го организирале самостојно, не би бил спроведен во идентична форма како програмата „Форуми во заедницата“, но форум, секако, ќе користиме при утврдување на буџетските приоритети.

ИНФОРМАЦИИ И КОНТАКТИ:

031/375-035
031/372-130
Факс: 031/375-035

ул. Свети Јоаким Осоговски бр. 175
1330 Крива Паланка

opkp@krivapalanka.gov.mk
www.krivapalanka.gov.mk